**ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИИ НА ЈАВНОСТА ЗА АКТУЕЛНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ И ПОЛИТИЧКИ ТЕМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**- 2 дел-**

Имајќи ги предвид последните случувања во Република Македонија, **Институтот за демократија** во соработка со **Македонскиот центар за меѓународна соработка** во рамките на нивните мисии, а со цел за подобрување и непречено одвивање на демократските процеси во Македонија спроведе истражување на перцепциите на јавноста за актуелните политички случувања. Истражувањето беше спроведено во периодот од 5 до 7 март 2011 година и опфати неколку теми:

- Политичка криза;
- Импликации од политичката криза;
- Предвремени избори;
- Условите на опозицијата за одржување на предвремени избори.

Методологија

Истражувањето беше спроведено според стандардизиран прашалник и врз основа на репрезентативен и стратификуван примерок од 1108 испитаници. Во примерокот беа запазени социо-демографските специфики на населението во Р. Македонија (полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност), а беше направена и соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење (урбана или рурална средина, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности). Во примерокот беа застапени испитаници од сите изборни единици во Македонија.

Сите резултати од ова истражување се подложни на статистичка грешка од ±3,1%. Тоа значи дека прикажаните резултати се движат помеѓу тие зададени интервали. Во прилог следуваат резултатите од истражувањето.

## Дали треба да има предвремени избори?

| | Македонци | Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Да | 56,3% | 67,0% | 59,0% |
| Не | 31,0% | 18,7% | 27,8% |
| Н/о | 12,7% | 14,3% | 13,2% |



## Дали сметате дека условите на опозицијата треба да се исполнат за да има предвремени избори?

| | Македонци | Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Да, целосно | 25,6% | 46,2% | 31,1% |
| Делумно | 23,5% | 25,6% | 24,1% |
| Не | 35,7% | 17,9% | 30,8% |
| Н/о | 15,3% | 10,3% | 14,0% |



## Што мислите, кој ја блокираше сметката на А1?

| | Македонци | Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Судот / јавното обвинителство | 46,8% | 12,8% | 37,7% |
| Владата | 21,8% | 47,6% | 29,2% |
| Некој друг | 8,2% | 11,4% | 8,8% |
| Н/о | 23,2% | 28,2% | 24,2% |



## Дали сметате дека треба да се одблокира сметката на ТВ А1 за да има предвремени избори?

| | Македонци | Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Да | 28,0% | 53,1% | 34,7% |
| Не | 49,2% | 21,2% | 41,7% |
| Н/о | 22,8% | 25,6% | 23,6% |



**Дали сметате дека ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК е доволно прочистен за да има предвремени избори?**

| | Македонци | Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Да | 24,9% | 22,3% | 24,2% |
| Не | 31,3% | 48,0% | 36,2% |
| Н/о | 43,8% | 29,7% | 39,6% |



**Доколку опозициските партии се одлучат да не одат на предвремени избори, тогаш:**

| | Македонци | Албанци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Изборите треба да се одржат | 27,5% | 26,7% | 27,3% |
| Изборите треба да се одложат | 37,5% | 27,1% | 34,9% |
| Изборите треба да се откажат се до редовниот термин | 21,0% | 25,3% | 21,8% |
| Н/о | 14,0% | 20,9% | 16,1% |

